СООПШТЕНИЕ

за работата на службата за студентски прашања на ХЕФ

за време на траење на ковид-19 кризата

Заради големото распространување на новиот коронавирус SARS-CoV-2 во последните неколку седмици, и заради очекуваното влошување на состојбата во следниот период, за да се намали фреквенцијата и потенцијалните контакти меѓу луѓето, на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ се воведува ограничено работно време на канцеларијата за студентски прашања, и на другите административни служби.

Канцеларијата ќе биде отворена за директна работа со студенти во деновите **понеделник и четврток, од 8:30 – 12:30 часот**. Сите студенти задолжително мора да се најават, и да се потрудат сите работи да ги завршат електронски (онаму каде што е возможно од нивна, и од страна на службите). Најавувањето и кореспонденцијата се врши во сите работни денови (**понеделник до петок, 8:30-15:00 часот; 075/258-119; spetrova@sf.ukim.edu.mk; sonja.petrova@yahoo.com**). На вашите барања/прашања ќе се одговара на дневна основа.

Онаму каде е можно, работата ќе се завршува и целосно електронски (барања, уплати, уплатници, друго), а ќе подразбира дека студентите ќе мора да скенираат, или фотографираат одредени документи и да ги испраќаат електронски (по мејл).

Доколку пак, побарувате тврда (хартиена) копија од некој документ (потврда за редовен студент, уверение за предвидени и положени испити или слично) истата ќе Ви биде издадена и врачена во просториите на факултетот, во понеделник или четврток, но по претходна комуникација и потврдување на терминот од наша страна.

Со почит.

проф. Сотировски

декан

Електронски адреси за контакт:

mihajlo.risteski@gmail.com

kirilsotirovski@gmail.com

pbabunski@gmail.com

petrova.sonja@yahoo.com

makedonkastojanovska@gmail.com